**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **а п р и л, 2026**




**Скопје, 08.05.2026**

**Содржина:**


*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година* 3

*НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година* 4

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година – по групи* 4

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 5

*ГРИП* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 6

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година*

Во текот на април 2026 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **936** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **51,0 на 100.000 жители**.

Во текот на месец април се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 16,7% во однос на претходниот месец март (n=802), а намалување во однос на април 2025 за 16,9% (n=1.127) и во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 13,6% (n=1.083).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец април учествуваат со 31,6%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=2.960) е за 11,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=3.325). *(Графикон 1)*

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=375; 40,1%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=19; 2,0%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Битола (I=104,3/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=14,9/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ се регистрира на територијата на Свети Николе (I=563,0/100.000). Во месец април, три ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Берово, Крива Паланка и Дебар). *(Картограм)*

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во април, 2026*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во април*** учествуваат со 98,5% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 50,2/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Првите две најчести заразни заболувања*** учествуваат со 76,2% во вкупниот број на заболени, а со 77,3% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец април 2026 година.

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во април, 2026*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 397 | 21,6 |
| Ентероколитиси | 316 | 17,2 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 101 | 5,5 |
| Салмонелози | 32 | 1,7 |
| Шуга | 25 | 1,4 |
| Инфективна мононуклеоза | 23 | 1,3 |
| Скарлатина | 9 | 0,5 |
| Легионерска болест | 8 | 0,4 |
| Кампилобактериоза | 8 | 0,4 |
| Сифилис | 3 | 0,2 |
| ***Вкупно*** | ***922*** | ***50,2*** |

## *НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година*

Во текот на април, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 397 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 42,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 43,1%.

Во однос на претходниот месец март (n=352), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 12,8%, а во однос на месец април 2025 (n=575), намалување за 31,0%. Во однос на аритметичката средина (n=567) се регистрира намалување за 30,0%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2026 (n=1.429), пријавените случаи во април учествуваат со 27,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=2.960), овчите сипаници учествуваат со 48,3%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2026 (n=1.429) е за 20,3% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=1.793).

На второ место по број на пријавени заболени во месец април се **ентероколитите**, со 316 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 33,8%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 34,3%.

Во однос на претходниот месец март (n=224), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити за 41,1%, додека во однос на месец април 2025 (n=399) се регистрира намалување за 20,8%. Во однос на аритметичката средина (n=328) се регистрира намалување за 3,7%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=862), пријавените случаи во април учествуваат со 36,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=2.960), ентероколитите учествуваат со 29,1%

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=862) е за 14,4% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=1.007).

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2026 година – по групи*

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во април, најголем број (n=458) припаѓаат на **цревните заболувања** (48,9%; I=24,9/100.000) *(Графикон 3).* Од нив најголем број (n=316, 69,0%) и инциденца (I=17,2/100.000) се пријавите за ентероколитиси. Во оваа група пријавени се и 101 случај на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=5,5/100.000), 32 случаи на салмонелози, 8 случаи на кампилобактериоза и еден случај на инфекција предизвикана со *E.coli*.

Во месец април пријавени се 438 случаи на **капкови заболувања** (46,8%; I=23,8/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=397; 90,6%) и инциденца (I=21,6/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 23 случаи на инфективна мононуклеоза, 9 случаи на скарлатина, 8 случаи на легионерска болест и еден случај на пневмококна инфекција.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во април се регистрирани 30 случаи (3,2%; I=1,6/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 25 се случаи на шуга (83,3%; I=1,4/100.000), 3 случаи на бактериски менингит и по еден случај на вирусен менингит и маларија.

Заболеното лице кај кого е дијагностицирана маларијата е маж на возраст од 38 години од Делчево. Станува збор за импортиран случај на маларија од Екваторијална Гвинеја, хоспитализиран на КИБФС. Според хетероанамнестичките податоци лицето нема примано антималарична профилакса за време на престојот во Африка.

Во групата на **зоонози,** во месец април пријавени се три заболени лица (0,3%; I=0,2/100.000) *(Графикон 3),* од нив 2 се случаи на ехонококоза и и еден случај на бруцелоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) регистрирани се 7 заболени лица (0,7%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3).* Пријавени се 3 случаи на сифилис, 3 случаи на вирусен хепатитис Б и еден случај на вирусен хепатисис Ц. *(Табела 1 во Прилог).*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во април, 2026*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец април, пријавени се 5 нови случаи на ХИВ/СИДА, од кои четири се лица од машки и едно лице од женски пол, на возраст од 20-39 години. (*Табела 3 во Прилог*).

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.04.2026), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р.С. Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 745 и тоа:

- 140 лица починати лица
- 489 лица кои живеат со ХИВ/СИДА
- 116 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец април 2026 регистрирани се 4 случаи со инциденца од 0,2/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 3 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на месец април, пријавен е еден случај на пневмококна инфекција (пневмококен менингитис). Се работи за лице на возраст од 46 години од Велес, кој според возраста не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест. Случајот е докажан лабораториски.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец април, пријавени се 5 случаи на КОВИД-19 (I=0,3/100.000), 7 случаи помалку во однос на претходниот месец март (n=12), а намалување има и во однос на месец април од 2025 година (n=8).

Во текот на април не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец април се тестирани вкупно 733 материјали за 22,5% помалку во однос на минатиот месец (n=946).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 30.04.2026, пријавени се вкупно 352.485 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.191,1/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец април, до Институтот за јавно здравје ***пристигна една одјава за епидемија со dg. Salmonelosis*** од ЦЈЗ Битола во која, регистрирани се вкупно 200 заболени и 4 хоспитализирани лица од рударско-енергетски комбинат од Битола.

Епидемијата е одјавена на 09.04.2026

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец април, **не се регистрирани смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).*

## *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS, стапките на заболувања слични на грип се зголемени над основните нивоа во 2 од 28 земји и области од Европскиот регион на СЗО. Подтиповите на вирусот на грип AH1 и AH3 се ко-доминантни, со варијации помеѓу земјите и областите.

Во текот на април, пријавени се вкупно 507 заболени лица (I=27,6/100.000). Од нив најголем број на заболени се регистрирани во ЦЈЗ Скопје (n=145), а највисока инциденца е регистрирана во ЦЈЗ Прилеп (I=159,2/ 100.000). Не се регистрирани смртни случаи асоцирани со грип.

Од почетокот на сезоната 2025/26, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 17.119 случаи (I=932,0/100.000) на грип/заболувања слични на грип. Од нив, најголем број на заболени (n=5.582) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (2.754,5/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.336 материјали од рутинскиот и сентинел надзорот. Од истите, детектирани се 126 позитивни случаи на грип. Во однос на вирусот на грип, сите докажани случаи се тип А од кои 55,6% се Influenza A(H3).

Во текот на сезоната на грип, регистрирани се вкупно четири починати лица асоцирани со грип.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на април 2026 година во ИЈЗ се пристигнати 1.160 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=730; 62,9%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец април се: *MRSA* (214; 18,4%), *HPV* (196; 16,9%) и *RSV* (n=137; 11,8%).

Според пријавите, резистенција покрај *MRSA*, е регистрирана е и кај *Klebsiella* и *Enterococcus species Escherichia coli* и *Enterobacter cloacae.*

Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Охрид и ЦЈЗ Штип.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на април, ***пристигнати се пет пријави*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани, 2 пријави за ХИВ/СИДА и по една пријава за кампилобактериоза, салмонелоза и ентероколит. Според земјата од која доаѓаат две лица се од Косово и по еден случај од Австрија, Британија и Германија.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 13 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 5 пријави на ентероколитис, 4 пријави за ХИВ/СИДА, 2 пријави за салмонелози и по една пријава за кампилобактериоза и бактериски алиментарни инфекции и интоксикации.

Според земјата од која доаѓаат, 7 лица се од Косово и по 1 случај од Србија, Турција, Словенија, Австрија, Британија и Германија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***